Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT

Бр.Nr. 02-418/3

22 10 2021 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3, 4 и 5 од Законот за Јавни претпријатија(Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 64/18), и врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор на седницата одржана на ден 22.10.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Деветмесечниот извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.01.2021 до 30.09.2021 година**

***член 1***

Со оваа Одлука се усвојува Деветмесечниот извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.01.2021 до 30.09.2021 година согласно позитивното Мислење кое го даде Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Претпријатието.

***член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје заради добивање на согласност и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 22.10.2021 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Славе Еленовски

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-418/3
22 10 2021 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## За работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за перид 01.01-30.09.2021 година

# ВОВЕД

Во третиот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – **Добивка на износ 9.343,651,00 денари.**
Приходите заклучно 30.09.2021 година изнесуваат 162.453.775,00 денари.
Расходите се на износ 153.110.124,00 денари.
Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ – кл. 7** | **2021 година** | | **2020 година** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 140.283.482,00 | | 103.556.762,00 |
| | | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 13.103.476,00 | | 11.048.559,00 |
| | | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 9.065.713,00 | | 9.514.409,00 |
| | | | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 1.104,00 | | 38.928,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **162.453.775,00** | | **124.158.658,00** |

| **РАСХОДИ – кл.4** | **2021 година** | | **2020 година** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 7.010.445,00 | | 8.311.958,00 |
| | | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 37.705.901,00 | | 28.734.756,00 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И** | | | |
| **ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 93.942.501,00 | | 95.362.957,00 |
| | | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 8.323.692,00 | | 8.331.766,00 |
| | | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 5.939.525,00 | | 5.356.678,00 |
| | | | |
| **ВРЕД.УСОГЛ.НА НЕТЕК.И ТЕКОВНИ С-ВА** | 53.600,00 | | 0,00 |
| | | | |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 133.036,00 | | 34.488,00 |
| | | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 1.424,00 | | 745,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **153.110.124,00** | | **146.133.348,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ* | *2021 ГОДИНА* | *2020 ГОДИНА* |
|---|---|---|
| | | |
| Вкупно приходи | **162,453,775,00** | **124.158.658,00** |
| Вкупно расходи | **153.110.124,00** | **146.133.348,00** |
| | **Добивка 9.343.651,00** | **Загуба - 21.974.690,00** |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.01- 30.09.2021 година изнесуваат 162.453.775,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 140.283.482,00 ден.
- Сектор Пајак 13.103.476,00 ден.
- Останати приходи 9.065.713,00 ден.
- Финансиски приходи 1.104,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | **2021 година** | **2020 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 47.172.670,00 | 33.675.488,00 | 13.497.182,00 | 1,40 |
| **2. зонско паркирање** | 77.063.300,00 | 57.840.976,00 | 19.222.324,00 | 1,33 |
| **3. катна гаража-Беко** | 10.218.217,00 | 7.470.744,00 | 2.747.473,00 | 1,37 |
| **4. катна гаража-26-ти Јули** | 5.829.295,00 | 4.569.554,00 | 1.259.741,00 | 1,28 |
| **Вкупно приходи:** | **140.283.482,00** | **103.556.762,00** | **36.726.720,00** | **1,35** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени за 36.726.720,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 13.497.182,00 денари при што порастот се забележува кај сите затворените јавни паркиралишта .

Кај зонското паркирање исто така бележиме зголемување на приходите остварени како од месечни претплати така и кај сите други приходи - продажба на греб картички, смс паркирање како и од издавање доплатни билети. Во целина гледано кај зонското паркирање приходите се зголемиле за 19.222.324,00 денари во споредба со минатата година.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 10.218.217,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 5.829.295,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се зголемени за 2.747.473,00 денари додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се зголемиле за 1.259.741,00 денари .

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2021 година | 2020 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **1. дневен промет** | 13.090.340,00 | 11.035.259,00 | 2.055.081,00 | 1,19 |
| **2.фактурирана услуга** | 13.136,00 | 13.300,00 | -164,00 | 0,99 |
| **Вкупно приходи:** | **13.103.476,00** | **11.048.559,00** | **2.054.917,00** | **1,19** |

Приходите од Сектор пајак заклучно 30.09.2021 година се зголемиле за речиси 19% во споредба со истиот период минатата година. Имено, вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 13.103.476,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 2.054.917,00 денари. Наплатени се вкупно 7.720 возила. Истиот период минатата година беше реализиран приход на износ 11.048.559,00 денари односно, наплатени биле 6.532 возила.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2021 година | 2020 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **од отпишани побарувања и обврски** | 49.344,00 | 40.128,00 | 9.216,00 | 1,23 |
| **од субвенции** | 8.653.025,00 | 8.967.592,00 | -314.567,00 | 0,96 |
| **од наплатени судски трошоци** | 84.511,00 | 39.720,00 | 44.791,00 | 2,13 |
| **од наплата на штети** | 202.726,00 | 275.711,00 | -72.985,00 | 0,74 |
| **од поврат на даноци и од други надоместоци,вонред.прих.** | 76.107,00 | 191.258,00 | -115.151,00 | 0,40 |
| **Вкупно приходи:** | **9.068.466,00** | **9.514.409,00** | **-448.696,00** | **0,95** |

Заклучно месец септември остварени се останати приходи на износ 9.068.466,00 денари.

Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 49.344,00 денари; приходи од парични субвенции 7.500.000,00 денари; субвенции и донации дадени во опрема 1.153.025,00 денари; приходи од судски трошоци 84.511,00 денари приходи од наплата на штети 202.726,00 денари, приходи од други надоместоци 39.300,00 денари каки и вонредни приходи на износ 36.807,00 денари.

Известивме и во претходните извештаи дека субвенциите на износ од 7.500.000,00 денари претпријатието ги искористи за подмирување на обврската за комунална такса за период м.08-12.2019 година на износ 7.655.245,00 денари.

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец септември бележиме приходи на износ 1.104,00 денари. Минатата година беа реализирани приходи од камати на износ 38.928,00 денари.

## *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 30.09.2021 година се на износ 153.110.124,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| **опис** | **2021 година** | **2020 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 102.992,00 | 194.907,00 | -91.915,00 | 0,53 |
| **Канц.матер.фискал.и бар код ролни, чип и греб картички** | 1.254.481,00 | 626.848,00 | 627.633,00 | 2,00 |
| **ел.енергија,парно** | 2.756.645,00 | 3.085.142,00 | -328.497,00 | 0,89 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 1.948.934,00 | 1.554.125,00 | 394.809,00 | 1,25 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 947.393,00 | 2.850.936,00 | -1.903.543,00 | 0,33 |
| **вкупно:** | **7.010.445,00** | **8.311.958,00** | **-1.301.513,00** | **0,84** |

Материјалните трошоци во третиот квартал од годината изнесуваат 7.010.445,00 денари. Оваа група на трошоци, споредена со минатата година, е помала односно, бележи пад за 1.301.513,00 денари односно за 15,66%.

Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 102.992,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и греб картички 1.254.481,00 денари, електрична енергија и парно 2.756.645,00 денари, гориво 1.948.934,00 денари, инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 947.393,00 денари.

Во рамките на оваа група трошоци бележиме пад кај трошокот за потрошни материјали, електрична енергија и трошокот за инвентар и ХТЗ опрема, додека пак пораст имаме кај трошокот за канцелариски материјали - бар код и фискални ролни, грепки итн како и кај горивото .

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2021 година | 2020 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 1.286.400,00 | 1.259.288,00 | 27.112,00 | 1,02 |
| **Услуги за изработка на добра-инфо табли(шахти и сливници )** | 782.935,00 | 1.199.200,00 | -416.265,00 | 0,65 |
| **Услуги за одржување и заштита** | 11.284.401,00 | 6.856.632,00 | 4.427.769,00 | 1,65 |
| **Трошоци за наем** | 3.092.920,00 | 2.388.340,00 | 704.580,00 | 1,30 |
| **Комунални услуги** | 2.705.279,00 | 1.410.590,00 | 1.294.689,00 | 1,92 |
| **Останати услуги** | 620.653,00 | 1.217.577,00 | -596.924,00 | 0,51 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 10.437.471,00 | 8.841.765,00 | 1.595.706,00 | 1,18 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 7.495.842,00 | 5.561.364,00 | 1.934.478,00 | 1,35 |
| **вкупно:** | **37.705.901,00** | **28.734.756,00** | **8.971.145,00** | **1,31** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, регистрациј на возила, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање трошок за времени вработувања и други трошоци.

Евидентирани се трошоци на износ 37.705.901,00 денари односно, бележиме пораст на трошоците за 8.971.145,00 денари во споредба со 2020 година .

Во споредба со минатата година оваа година реализирани се трошоци за бележење и за изработка на инфо табли понатаму, како резултат на зголемениот промет на зонското паркирање зголемнени се и трошоците за администрирање на системот за зонско паркирање, бележиме поголем трошок за ѓубретарина од причина што кон крајот на минатата година односно од месец ноември имаме обврска да плаќаме ѓубретарина и за двете катни гаражи. Исто така поголеми се трошоците за тековно одржување на основните средства како и трошоци за имплементација на заштитни решетки во двете катни гаражи со цел оградување и заштита од кражби на ППЗ опремата во тие објекти и одржувањето на опремата во катните гаражи. Исто така бележиме пораст и на трошокот

за времени вработувања од причина што заклучно третиот квартал од годината ангажирани се повеќе лица во споредба со истиот период на минатата година .

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| Опис | 2021 година | 2020 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 93.412.656,00 | 95.018.249,00 | -1.605.593,00 | 0,98 |
| **Отпремнина** | 284.986,00 | 264.716,00 | 20.270,00 | 1,08 |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 63.327,00 | 79.992,00 | -16.665,00 | 0,79 |
| **Помош на вработени** | 181.532,00 | - | 181.532,00 | - |
| **вкупно:** | **93.942.501,00** | **95.362.957,00** | **1.420.456,00** | **0,99** |

Трошокот за плати, надоместоци од плата и други трошоци за вработени изнесува 93.942.501,00 ден. и е помал во споредба со минатата година за 1.420.456,00 денари .

Заклучно месец септември бројот на вработени во јавното претпријтие изнесува 256 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 260 лица.

Трошокот за плати варира и како резултат на флуктуации на вработените понатаму по основ на користење неплатени отсуства, боледувања итн. заради што трошокот на плата соодветно се менува.

Во трошокот за плати се вклучени и надоместоците на вработените по основ јубилејна нагарада за 10 години непрекинат стаж во претпријатието. Такво право оствариле 19 (деветнаесет) вработени за што исплатени се 63.327,00 денари со вклучен данок на доход. Трошокот за отпремнини за пет вработени кои оствариле право на староснa пензија изнесува 284.986,00 денари. Заклучно месец септември исплатено е за помош на вработени за смртен случај 150.000,00 денари како и надоместок по основ непрекинато боледување над 6 месеци на вработен 31.532,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 8.323.6692,00 денари и е помал во спредба со минатата година за 8.074,00 денари кога истиот изнесувал 8.331.766,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| опис | 2021 година | 2020 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Дневници и патни трошоци и др.надом.на вработени** | 89.430,00 | 0,00 | 89.430,00 | - |
| **Надом.на управен и надзорен одбор** | 1.463.823,00 | 1.460.014,00 | 3.809,00 | 1,00 |
| **Репрезентација и донации** | 184.948,00 | 130.762,00 | 54.186,00 | 1,41 |
| **трошоци за осигурување** | 389.861,00 | 671.995,00 | -282.134,00 | 0,58 |
| **банкарски провизии** | 327.879,00 | 267.230,00 | 60.649,00 | 1,23 |
| **трошоци за ДДВ** | 2.014.455,00 | 1.863.481,00 | 150.974,00 | 1,08 |
| **Ревизија, преводи, дог.дело,здрав.прегл** | 539.619,00 | 347.123,00 | 192.496,00 | 1,55 |
| **Адв.нот.суд.иадм.такси** | 301.818,00 | 95.668,00 | 206.150,00 | 3,15 |
| **користење права** | 311.825,00 | 287.443,00 | 24.382,00 | 1,08 |
| **Огласув.претпл.на струч,списанија исл.** | 315.867,00 | 232.962,00 | 82.905,00 | 1,36 |
| **вкупно:** | 5.939.525,00 | 5.356.678,00 | 582.847,00 | 1,11 |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 5.939.525,00 денари. Ако се споредат со минатата година кога изнесувале 5.356.678,00 денари, се забележува зголемување на трошоците за 582.847,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци: денвници и патни трошоци 0,00 денари, надоместоци за вработените- обуки и семинари итн. 89.430,00 денари, надоместоци на органите на управување 1.463.823,00 денари, репрезентација 178.948,00 денари, донација 6.000,00 денари за основање на здружение на крводарители " Хуманитарец" , осигурување 389.861,00 денари, банкарски провизии 327.879,00 денари,трошок за ДДВ 2.014.455,00 денари, за трошоци за ревизија , превод и договор на дело евидентираме 539.619,00 денари, правно-адвокатски-нотарски услуги, членарини и административни такси 301.818,00 денари; трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери 311.825,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 315.867,00 денари а се однесуваат на трошоци за огласување, како и трошоци за претплата на весници и стручни списанија итн.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Заклучно 30.09.2021 година бележиме трошоци за тужени побарувања на износ 53.600,00 денари и истите се однесуваат по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 133.036,00 денари и истите се однесуваат на одобренија по рекламации 98.036,00 денари како и 35.000,00 денари за учество во наплата на штетен настан .

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 1.424,00 денари кој се однесува на казнена камата за задоцнето плаќање на сметки за вода и струја претежно заради задоцнето добивање на документите.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА

| **АКТИВА** | **2021 година** | **2020 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | 52.338.597,00 | 53.994.166,00 |
| **кл.00** | | |
| | | |
| **2.ЗАЛИХИ** | | |
| **кл.3** | 2.185.334,00 | 3.266.898,00 |
| | | |
| **3. ОБРТНИ СРЕДСТВА** | 53.987.709,00 | 39.632.377,00 |
| **кл.1** | | |
| | | |
| **4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | 725.462,00 | 1.593.750,00 |
| **кл.1 гр.19** | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **109.237.102,00** | **98.487.191,00** |

| **ПАСИВА** | **2021 година** | **2020 година** |
|---|---|---|
| **1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ** | | |
| **Државен јавен капитал** | 153.052,00 | 153.052,00 |
| **Останат капитал** | 0,00 | 0,00 |
| | | |
| **2.Законски резерви** | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| **3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години** | 39.812.013,00 | 70.811.766,00 |
| | | |
| **4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ЗАГУБА/ ДОБИВКА за трет квартал** | 9.343.651,00 | -21.974.690,00 |
| | | |
| **5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | 49.438.865,00 | 36.505.792,00 |
| **кл.2** | | |
| **6.Одложени плаќање на приходи и расходи** | 10.474.216,00 | 12.975.966,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **109.237.102,00** | **98.487.191,00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 30.09.2021 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 30.09.2021 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 52.338.597,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.
Во текот на деветте месеци од годината претпријатието инвестираше - набави нови средства , опрема во износ од 7.993.090,00 денари. Се работи за набавка на машина за чистење на снег, систем за видео надзор за потребите на јавното паркиралиште Клинички Центар – Мајка Тереза , набавена е заштитна челична мрежа за потребите на депото на Сектор пајак , АТН - терминали за автоматска наплата, мрежен уред за потребите на ИТ инфраструктурата, набавка на проект за зона Д за потребите на зонското паркирање, паркинг клешти – блокатори итн.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 2.185.334,00 денари.

Од нив, 944.044,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу" течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 514.784,00 денари се состои претежно од залиха на блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, батерии за мотороли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат и слично.
ХТЗ опрема Претпријатието има на залиха во вредност од 196.270,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, јакна, чизми, кабаници итн.
Гуми на залиха евидентираме 530.236,00 денари. Износот се однесува на гуми наменети за специјалните пајак возила.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.09.2021 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 38.427.717,00 денари.

Побарувањата од купувачите изнесуваат 11.963.897,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.

Тужени побарувања има на износ 2.902.795,00 денари. Истите, во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

Евидентирани се и побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 2.496.750,00 денари како и даноци и придонеси од плата на вработени на износ 6.298,00 деари.

Побарувања за влезно ДДВ заклучно 30.09.2021 изнесува 841.750,00 денари. Истото ќе се пребие со обврската по основ излезното ДДВ.

Побарувањата од вработените се на износ 178.725,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати, надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата и придонеси од плата, финансиски кусок од дневен промет .

Побарувања од осигурителна компанија по основ наплата на штета од украдени блокатори – износ 9.776,00 денари.

Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 62.796,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 725.462,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 451.779,00 денари, осигурување 141.129,00 а остатокот 132.554,00 во

најголем дел отпаѓа трошоци за софтверски лиценци, претплати за радио-фреквенции, службен пат Холандија,трошоци за чип картички , како и други трошоци за идни периоди

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 49.438.865,00 денари. Од овој износ, 6.550.954,00 отпаѓа на обврски кон добавувачи, 51.756,00 ден.се обврски по основ примени аванси, обврска за ДДВ за м.09 на износ 3.650.250,00 денари, обврска за надоместоци на членови на управен и надзорен одбор на износ 153.500,00 денари, обврска за бруто плата на вработените за месец Септември на износ 10.758.364,00 денари како и обврски кон физички лица на износ 40,543,00 денари. Горенаведените обврски претпријатието навремено ги подмирува во наредниот пресметковен период.

Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 28.233.498,00 денари. Потсетуваме дека во вториот квартал од годината претпријатието изврши плаќање на комунална такса на износ 7.655.245,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 10.474.216,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 1.675.343,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 300.184,00 денари.
По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 8.316.692,00 денари.
Износот од 181.998,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп по основ договорот за стопанисување со паркингот 8-ми Септември за м.08-09.2020 година.

# ЗАКЛУЧОК

Во периодот 01.01.2021-30.09.2021 година претпријатието оствари позитивен финансиски резултат – Добивка на износ од 9.343.651,00,00 денари.

Согласно погоре изнесените финансиски показатели може да се заклучи дека претпријатието остварило Добивка во работењето како резултат на порастот на оперативните приходи од една страна но и како резултат на намалување односно заштеда на трошоците каде што е тоа можно од друга страна.

Претпријатието од основачот Градот Скопје доби и субвенции за потешкотии во работењето на износ од 7.500.000,00 денари (двојно помалку од минатата година) , кои ги искористи за плаќање на обврската за комунална такса за период 01.08.2019-31.12.2019 година на износ 7.655.245,00 денари.

Се прават напори во рамки на сопствените извори на средства да се реализира програмата за работа односно инвестиционата програма на претпријатието. Се води сметка да се подмират обврските во работењето без притоа да се загрози ликвидноста на претпријатието.

До крајот на годината очекуваме претпријатието да продолжи успешно да работи.

Изработил:
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
Директор,
М-р Борче Јакимовски